Александар ТРАЈАНВОСКИ

# ОБИДИ ЗА ИНФИЛТРИРАЊЕ НА СРПСКАТА ПРОПАГАНДА ВО МАКЕДОНИЈА КОН СРЕДИНАТА XIX ВЕК ПРЕКУ МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКОВНО-УЧИЛИШНИ ОПШТИНИ*

## I.

Познато е дека уште од крајот на XVIII и почетокот на XIX век во Србија престојувале голем број на Македонци, пред сè трговци, печалбари и други лица кои од разни лични причини ја напуштале, за стално или привремено, Македонија и престојувале, работеле и се бореле против превласта на Османлиите во Србија и во Македонија. Во таа смисла, ќе го регистрираме само учеството на Браќата Чардаклија, Петре и Ичко и други Македонци во Првото и Второто востание на српскиот народ за ослободување на турското владеење во почетокот на XIX век.

По признавањето на автономија на Српското кнежевство и на Српската црква од страна на Турција и на Цариградската патријашија, во триесеттите години на XIX век, врските и контактите на Македонија со Србија се засилиле и се изразиле во соработката на просветен, училишен и на црковен план. Носители на оваа соработка биле македонското свештенство, учителите и трговците. Тие, главно, биле членови на црковно-училишните општини во чија надлежност паѓала целокупната грижа, одржувањето и развитокот на црквите, манастирите и училиштата. Црковно-училишни општини постоеле во сите градови и поголеми села во Македонија. Всушност, тие биле единствени организирани претставници на македонскиот народ, легално признати од турските власти. Доменот на делувањето и надлежноста на црковно-училишните општини, покрај грижата за црквите, манастирите и училиштата, бил прилично широк и разнообразен. Црковно-училишните општини во Македонија ги задоволувале, така да се рече, сите

*** Реферат поднесен на Деветтиот конгрес на историчарите на Југославија, одржан во Приштина од 28 до 30 септември 1987 година.**

насушни потреби на македонскиот народ. Тие биле иницијатори и организатори за поправка на стари и подигање на нови цркви и манастири, училишта, камбанарии, домови за социјално загрозените лица, старци и изнемоштени; за основање на општински болници, аптеки, читалишта, библиотеки, неделни училишта, јавни чешми, мостови, улични и маалски фурни, манастирски и црковни конаци, па дури и градски затвори во кои, главно, темничел македонскиот народ.

Во надлежност на црковно-училишните општини спаѓало и финансирањето на училиштата, т.е. обезбедувањето на плати на наставниот кадар во училиштата, пронаоѓањето на учителки и учители, снабдувањето на училиштата со учебни помагала, учебници за учениците и со сите потребни реквизити и потреби за нормално одвивање на наставата. Средствата за финансирање на сите овие активности и потреби црковно-училишните општини ги обезбедувале, исклучително, по пат на собирање на прилози, дарување, завештенија и друг вид на собирање на материјални средства од македонското граѓанство, селанство и интелигенција кои во црковно-училишните општини гледале единствени чувари на словенската просвета и култура во Македонија.

Дејноста на црковно-училишните општини посебно се разгранила по објавувањето на Гилханскиот хатишериф во 1839 година, со кој турската власт дозволила широка културно-просветна и духовна активност на своите христијански поданици. По објавувањето на познатиот акт, изградбата на нови и обновувањето на стари цркви и манастири, училишта и други јавни објекти добило мошне широк размер, а со тоа и потреба за поголема акумулација на пари и други материјални средства кои нагло пораснале. Со оглед на тоа што средствата кои се собирале од македонското граѓанство и селанство не биле доволни, црковно-училишните општини почнале да се обраќаат до одделни установи и институции и поединци во Српското кнежевство за парична или било каква друга материјална помош[1]. Обраќањето и молбите за помош до Кнежевството Србија ги пренесувале македонските трговци, печалбари, кираџиите и други лица кои од разни причини престојувале во Србија[2]. Во овој прилог се прават токму такви напори, да се регистрираат и осветлат разновидните и бројни барања за материјална помош на македонското граѓанство и интелигенцијата, и воопшто на македонските црковно-училишни општини од страна на Кнежевството Србија, но, напоредно со тоа и по-

---

[1] Види поопширно: Климент Џамбазовски, *Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век*, ИНИ, Скопје, 1960, 16.

[2] Љубиша Доклестиќ, *Српско-македонските односи во 19 век*. Скопје, 1973, 91.

степеното проникнување на српското влијание и пропаганда во Македонија, почнувајќи од средината на XIX век па сè до почетокот на Големата источна криза.

## II.

1. Меѓу првите молби за помош од Кнежевството Србија треба да се спомене молбата на *Серската црковно-училишна општина*[3], која на 27 април 1850 година се обратила до белградскиот митрополит Петар Јовановиќ за парична помош за обновување на разрушената црква „Св. Теодор" во Серес[4]. Молбата на серчаните митрополитот ја испратил до Државниот совет на Србија[5], а овој орган понатаму до српскиот кнез Александар Караѓорѓевиќ[6]. На крајот кнезот, во мај месец истата година, на молителите од Серес, за обновување на нивната спомната црква, им одобрил парична помош од 2.500 гроша[7].

По иницијатива на познатиот општински учител Јордан Хаџи Константинов — Џинот (1818—1882), на 27 јуни 1851 година, *Скопската црковно-училишна општина*[8] до Попечителството на просветата и правосудството на Србија упатила молба со која барала учебници за унапредување на наставата во скопските училишта[9]. И оваа молба (овој пат од Попечителството) била доставена до кнезот А. Караѓорѓевиќ за конечна одлука[10]. Кнезот наредил на Скопската општина да ѝ се одобрат и испратат 1090 книги и учебници[11]. Книги и учебници во споменатава бројка, од Србија во Скопје биле пренесени со посредство на познатиот српски трговец Јован Хаџи Поповиќ.

Првото официјално обраќање на *Тетовската црковно-училишна општина* за помош од Србија, било направено во април 1861 година со писмото на Серафим Николиќ од Тетово, кој побарал од белградскиот митрополит Михајло да се испрати

---

3 Членови на Општината биле: Ѓорѓе Скамбал, Димитрије Бујуклија, Атанас Визука, Михаил Ђорђевић, Јован Николић, Константин Геракиј, Димитрие Хоземвиста и други. Шесточлената Општинска комисија која ја барала помошта била во состав: Афам Х. Лазаревић, Ђорђе Мар. Скамбал и Г. Никидис. Види поопширно: *Грађа за историју македонског народа из Архива Србије.* Приредио д-р Климент Џамбазовски, I том, књига II (1849—1856), Београд, 1979, 52.

4 Истото, 51—52.

5 Истото, 52.

6 Истото, 53.

7 Истото, 53—54.

8 Во состав: Хаџи Стевко Арсов, Браќа Х. К. Попович, Константин Ојкономов, училишен настојател, Трајко Атанасов, исто така училишен настојател, Ха. Тасе Марков, Илија Д. Практически, Хаџи Стефко Хаџи Нешович, Стојанче Јанкович, Атанасија Хаџи Синадинов, црковен епитроп, Ха. Јануш Таневик и Димитрија Атанасовик. Види: Истото, 132—134.

9 Истото, I том, књига I (1820—1848), Београд, 1979, 21.

10 Истото, I том, књига II (1849—1856), Београд, 1979, 112—113.

11 К. Џамбазовски, *Културно-општествените врски на Македонците со Србија....*, 28.

парична помош на Општината за поправка или изградба на ново училиште. Овој зафат Тетовската општина го оправдувала со значитетлниот пораст на бројот на учениците. Митрополитот Михајло оваа молба ја испратил на надлежност до Попечителството на просветата (подоцна Министерство за просвета).

Врз основа на ова барање Тетовската црковно-училишна општина примила од Попечителството на просветата на Србија повеќе српски читанки, буквари, збирки на молитвеници, катахизиси, свештени истории, сметанки, земјописи, српски граматики, истории на српскиот народ, предгледници, часослови, псалтири, атлас, табла — вкупно 495 книги и учебници[12].

Другата молба на Тетовската црковно-училишна општина за помош од Србија била поврзана со дејноста на општинскиот учител Стојко Ачимовиќ[13]. Како „питомец" на Српското Кнежевство Ачимовиќ постанал општински учител во Тетово во 1860 година. Наредната 1861 година тој напишал молба за помош од Србија. Од неговата благодарност по повод на оваа молба се гледа дека Министерството за просвета на Србија испратило во Тетово 497 книги и 30 дукати[14].

Следната молба Тетовската општина ја уплатила до Министерството за просвета на Србија во 1862 година. Во неа се бара парична помош за подмирување на платата на општинскиот учител Стојко Ачимовиќ. Во молбата се наведува дека самата Општина не можела во целост да го плаќа општинскиот учител Стојко Ачимовиќ.

Оваа молба за парична помош не била задоволена. Но, затоа пак Тетовската црковно-училишна општина од Србија добила како подарок повеќе буквари, читанки, молитвеници, катахизиси, српски истории, прво знаење, мали сметанки, земјописи, црковни истории, граматики, мали таблици — вкупно 140 книги, учебници и училишни потреби[15].

---

12 Архив Србије — Београд (АС-Б), Фонд: Министерство просвете Србије (МПс), Ф. III, Београд, 3 и 4 априла 1861; Јован Хаџи-Василевић, *Просветне и политичке прилике у Јужним Српским областима у XIX в.*, Београд, 1928, 137; К. Џамбазовски, *Културно-општествените врски...*, 27: Александар Матковски, *Големосрпската просветна пропаганда во Тетовската каза од средината на XIX век до 1876 година.* „Просветно дело", X/3—4, Скопје, 1954, 221; Александар Трајановски, *Црковно-училишните општини во Полог од нивното основање до Берлинскиот конгрес (1878).* Бигорски научно-културни собири 1978—1979, Полог низ вековите, Тетово, 1980, 198.

13 Стојко Ачимовиќ е роден во скопското село Пахошево. Потекнува од сиромашно семејство. Во текот на 1852—1854 година завршил второ одделение во основното училиште во Скопје. Потоа, по препорака на Скопската црковно-училишна општина, своето натамошно школување го продолжил во Белград.

14 АС-Б., Фонд: МПс, Ф. III 404, Београд, 3.IV 1861.

15 Истото, 1862/229; К. Џамбазовски, *Културно-општествените врски...*, 73; Грађа, II/1, 338—339.

Помош од Србија општинскиот учител, Стојко Ачимовиќ, барал и во 1863 година во името на Тетовската, Гостиварската и Звечанската црковно-училишна општина. Ова барање, во вид на колективна молба на трите општини, било упатено до Министерството за просвета на Србија на 3 август 1863 година[16]. Откако не му била задоволена желбата, со ново писмо Ачимовиќ ја обновил бараната помош од Србија[17].

Прашањето за давање помош на Тетовската црковно-училишна општина за дотирање платата на општинскиот учител Стојко Ачимовиќ конечно било решено во 1865 година, и тоа со посредство на скопскиот трговец Јован Хаџи Поповиќ, на тој начин што на наметливиот општински учител му била одредена стална годишна плата од 12 дукати[18].

Помош од Српското Кнежевство Тетовската општина добила и во 1866, потоа во 1867 и 1868 година[19], а од 1871[20], 1872[21], 1873 [22], 1874, 1875—1876 година[23] било установена редовна годишна помош.

Веќе споменавме дека заедно со Тетовската и Звечанската црковно-училишна општина, на 3 август 1863 година, помош од Српското кнежевство побарала и *Гостиварската црковно-училишна општина.* Оваа колективна молба, во името на Гостиварската општина, ја потпишале попот Трифун Икономов и Цветко Петков[24]. Гостиварската општина од Министерството за просвета на Србија добила парична помош за училишната 1873—1874 година[25].

Во месец јануари 1861 година и *Струмичката црковно-училишна општина* побарала помош од Кнежевството Србија. Оваа молба во Белград лично ја донел струмичкиот поп Ѓорѓија, кој во таа прилика барал учебници и книги и парична помош за училиштата и црквите во Струмица. Меѓу другото, во молбата се наведувало дека помош се барала за зачувување духот на православјето и словенските училишта во Струмица. Со посредување на митрополитот Михајло, молбата на струмичаните била позитивно решена. Така Струмичката општина

---

16 АС-Б., Фонд: МПс, Ф. III 229, Београд, 15.I 1862 и 10.II 1862; Грађа, II/1, 412—414.

17 Истото, 1868/713.

18 АС-Б., Фонд: Београдска митрополија (БМ), 1866/344.

19 Истото, Фонд: МПс, 1869/122.

20 К. Џамбазовски, *Културно-оппитествените врски...*, 112—113.

21 Таа година Тетовската црковно-училишна општина примила 250 буквари и 75 книги, а Гостиварската општина 200 буквари и 50 книги. Види поопширно: АС-Б., Фонд: МПс, 1874/768.

22 К. Џамбазовски, *Културно-општествените врски...*, 122—123.

23 Архивско одељење Српске православне патријаршије — Београд (АОСПП-Б), Фонд: Српска православна патријаршија — конзисторијат 1837—1898 (СПП-К),, Фонд: Ф. III, бр. 55/75, Београд, 29.IV 1875; Љ. Доклестиќ, *Српско-македонските односи...*, 204.

24 АС-Б., Фонд: МПс, 1864/1857; Грађа, II/II, 7—8.

25 Љ. Доклестиќ, *Српско-македонските односи...*, 191.

од Србија добила: 40 буквари, 20 читанки I, 20 читанки II, 50 збирки молитви, 20 мали катахизиси, 20 мали свештени истории, 20 Прво знаење, 20 мали сметанки, 10 мали земјописи за III одделение, 10 земјописи за Србија и Турција, 30 мала српска граматика, 40 мали истории на српскиот народ, 40 часослови, 4 псалтири. Вкупно 248 книги[26].

Покрај барањето на помош за црковно-училишни потреби, често пати била побарувана и правна помош во случаите на регулирање на одделни спорови од другите области од животот на граѓаните во Македонија. Така на пример, *Охридската црковно-училишна општина,* во јуни месец 1855 година, застапувајќи ја тужбата на Петра Спасојевиќ од Охрид против нејзиниот сопруг Фотин, кој ја напуштил и дошол во Белград, се барало од Конзисторијатот на Српската православна црква да посредува во спорот на споменативе сопружници во полза на тужителката Петра[27].

*Црковно-училишната општина во Прилеп*[28] во 1861 година побарала од српската влада дозвола за стипендирање на Василија Поповиќ од Прилеп, за да можел тој своето школување да го продолжи на Високата школа во Србија[29]. Молбата била позитивно решена со тоа што Поповиќ ја добил бараната стипендија[30].

*Дебарската црковно-училишна општина* ја поддржала молбата на својот сограѓанин Арсенија Дучиќ кои од Министерството за просвета на Србија побарал црковни книги за новосоградената црква[31], а *Кумановската црковно-училишна општина* ја замолила српската влада да ѝ испрати 25 дукати за поправка на Староногоричанскиот манастир[32].

По повод почнувањето со работа на новоотвореното прво средно училиште во Македонија[33] познато како „Трговачка школа", *Велешката Источнопрцоречка црковно-училишна оп-*

---

26 К. Џамбазовски, *Културно-општествените врски . . .*, 71—72.

27 Види поопширно: АОСПП-Б, Фонд: СПП-К, Ф. I, бр. 23 7.IV 1855; *Грађа за историју македонског народа из архива Србије . . .*, I том, књига II . . . , 246.

28 Во состав: Хаџи Христо Хаџи Дамјанович, Баџала Петров, Димитри Секулович, Секула Хаџи Кочов, Димитрија Стојановиќ, Мојсо Петров, Коне Спасев, Илија Харизанов, Димитри Христев и Коте Адамичев. Види: *Грађа за историју македонског народа из Архива Србије*, Том II, књига I (1856—1863), Београд, 1981, 322.

29 Истото, 321—322.

30 АС-Б, Фонд: МПс, 1861/1421.

31 *Грађа за историју македонског народа . . .*, Том II, књига I (1856—1863), Београд, 1981, 49—50.

32 АС-Б, Фонд: ДС, Ред. бр. 221, Београд, 27.III 1857.

33 Види поопширно: Ристо Кактарџиев, *Класните училишта во Македонија.* „Годишен зборник" на Филозофски факултет, Кн. 23, Скопје, 1971, 229—249; Истиот, *Школството и просветата во Македонија во периодот на преродбата,* Зб.: Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, МАНУ — Скопје, 1979, 19—44.

*штина*, кои крајот на 1857 година се обратила за материјална помош до Министерството за просвета на Србија. Писмото било потпишано од „управитељ школе и главни надзорник свих школа у Велесу“ Јован Нешковиќ, кого што Прцоречката велешка општина го донела од Пешта. Молбата била потпишана уште и од членовите на Општината и Училишното општинско надзирателството: Андреј Иликинов, Ѓорѓија Х. Д. Палашов, Димко Х. К. Урумовиќ, Неде папа Димитри и Петруш Г. Каранфиловиќ[34].

Оваа молба на Велешката источнопрцоречка црковно-училишна општина била позитивно решена[35].

Покрај наведениве примери, следните години, помош од Кнежество Србија барале уште и *Кичевската црковно-училишна општина* за довршување на месната црква (1869)[36], *Кочанската црковно-училишна општина* (1872)[37], *Крушевската црковно-училишна општина* (1874)[38] и многу други.

2. Покрај споменативе градски црковно-училишни општини врски биле воспоставени и со бројни селски општини. Така во молбата на белградскиот митрополит Петар Јовановиќ и „Попечителство правосуђа и просвете“ до преспанско-охридскиот епископ и *Церската црковно-училишна општина*, Кичевско, се барало да се утврди вистинната по повод напуштањето на брачната заедница на самарџијата Груица Ристиќ, кој од ова село отишол во Шабац, каде што повторно се оженил со девојката по име Дафина, која дури му родила две деца. За овој мошне деликатен брачен спор, Церската општина требало да прибави докази за тоа дали Груица веќе бил оженет во своето село пред да замине за Србија, и тие докази требало да ги испрати до белградскиот митрополит и до Министерството за просвета на Србија, за да се дознае вистината, т.е. дали Груица е бигамист или не?[39]

*Црковната општина во Село Селце,* кај Дебар, го молела српскиот кнез Александар Караѓорѓевиќ да ѝ подари црковни книги за потребите на месната црква[40].

*Општината во село Зрзе,* Прилепско го известувала Конзисторијатот на Српската православна црква дека Ристо Јовановиќ можел слободно да стапи во брак во Србија, затоа што досега во Македонија немал брачни врски[41].

---

34 *Грађа за историју македонског народа...*, Том II, књига I..., 84—85.

35 Истото, 88.

36 АС-Б, Фонд: МПс, Београд, 1869/1034.

37 *Грађа за историју македонског народа...*, Том III, књига I..., 332—333.

38 АС-Б, Фонд: МПс, Београд, 1874/690.

39 *Грађа за историју македонског народа...*, Том I, књига II..., 130—131.

40 Истото, 235.

41 АОСПП-Б, Фонд: СПП-К, Ф. II, бр. 57/59, Зрзе, 15.XII 1858.

Во 1861 година *Новоселската црковно-училишна општина*, кај Штип, барала од српската влада парична помош за изградба на месната црква „Свети Успенија на Пресвета Богородица“[42]. Истата година, *Општината во селото Банско*, во нахијата Разлог, во Пиринска Македонија, побарала помош од белградскиот митрополит Михајло[43].

Истата, 1861 година, *Општината во село Буф*, Леринско, од Кнежевство Србија барала училишни и црковни книги[44].

*Црковно-училишната општина од селото Теарце*, Тетовско, во 1865 година побарала парична помош од Државниот совет[45] и од Министерството за просвета на Србија[46] за изградба на нова селска црква. Во молбата била барана помош од 3—40 дукати. Молбата ја поддржале општинскиот црковен намесник Јован Трајков и скопскиот патријаршиски митрополит. Белградскиот митрополит Михајло, од своја страна, молбата на теарчаните ја испратил до Министерството за просвета на Србија. Бараната помош теарчаните ја добиле на 1 мај 1865 година[47]. Поради тоа, во јули месец, истата година, до митрополитот Михајло теарчаните испратиле топла благодарност за дадената помош[48]. Со слична намена, истата година, и *Општината во село Стенче*, Тетовско, примила 40 дукати како помош од Министерството за просвета на Србија[49].

Идната 1866 година, помош од Државниот совет на Српското Кнежевство побарала, *црковно-училишната општина во село Турчане*, Гостиварско[50]. Молбата на турчаните од 17 мај 1866 година била подржана и од централната околиска општина — Тетовската[51]. Сето тоа делувало на Турчанската општина да ѝ се додели, поради доизградба на нејзината црква „Свети Никола“, 100 дукати[52], а по друг еден извор, 120 дукати[53]. Во таа прилика, на 6 септември 1866 година, „Општество села Турчане“, преку скопскиот митрополит Јоаким, топло се заблагодарувала на белградскиот митрополит Михајло за дадената помош[54].

Во 1868 година *Дупланската општина* (село Дуплани, Кичевско), преку белградскиот митрополит Михајло, побарала па-

---

42 *Грађа за историју македонског народа*..., Том II, књига I..., 184—185; 201—202.
43 Истото, 289.
44 АС-Б, Фонд: МПс, Београд, 1861/1612.
45 Истото, Фонд: ДС, Београд, 1865/136.
46 Истото, Фонд: МПс, Београд, 1865/998.
47 Истото.
48 Истото, Фонд: БМ, П. 834, Тетово, 5.VII 1865.
49 Истото, Фонд: МПс, П. 685, Београд, 14.VI 1865.
50 Истото, Фонд: ДС, Београд, 1866/179.
51 Истото, Фонд: МПс, Београд, 1869/346.
52 Истото, Фонд: ДС, Београд, 1866/179.
53 Истото, Фонд: БМ, П. 924, Скопје, 13.VIII 1866.
54 Истото.

рична помош од 4000 гроша за покривање на трошковите на својата црква „Свети Ѓорѓија“[55].

Во 1869 година *Отуњската црковно-училишна општина* (село Отуње, Тетовско) започнала да ја гради својата селска црква. При крајот на изградбата селото го зафатило голема поплава, која што ѝ нанела значителна штета на црквата. За доизградбата на црквата на веќе осиромаштените отуњани, со поддршка на Тетовската црковно-училишна општина, како централна околиска општина, на 10 март 1869 година, отуњаните побарале од Министерството за просвета на Србија материјална помош за довршување на започнатата црква[56].

*Црковно-училишната општина во село Леуново,* Гостиварско, во 1870 година, од белградскиот митрополит барала црковни книги за потребите на нивната месна црква[57].

Засега единствено молбата на Општината во село *Дуф,* Гостиварско, од 29 ноември 1870 година, во која се барало материјална помош за доизградба на селската црква, не им била позитивно решена[58].

III.

Во ЗАКЛУЧОКОТ на овој прилог може да се констатира дека потребата за прибирање на парична и друг вид на помош од службените извори на Кнежевството Србија, од средината на XIX век па натаму, за македонските црковно-училиишни општини била неминовна нужност. Зафатени од бранот на националната преродба, црковно-училишните општини во Македонија не можеле исклучиво со свои средства да ги обновуваат и градат своите училишта, цркви, манастири и слични установи што биле главни алки на просветниот, културниот и целокупниот духовен напредок на македонскиот народ во XIX век. Потребата за барање помош надвор од Македонија се наметнала од неразвиеноста на дел од македонското граѓанство, интелигенцијата и од други моменти. Оттука, македонското граѓанство и селанство, предводено од просветната интелигенција и свештенството, поради блискоста со штотуку ослободената Србија, согледувале можност за нејзина помош во подобрувањето на животните прилики во Македонија.

Зачестените молби на македонските црковно-училишни општини за парична и друг вид на материјална помош од Србија паѓале во времето од 1850 до 1875 година. Тоа било време кога и

---

55 *Грађа за историју македонског народа*..., Том II, књига II..., 237—238.

56 АС-Б, Фонд: МПс, Београд, 1869/346.

57 АОСПП-Б, Фонд: СПП-К, Ф. IV, бр. 80/71, Леуново, 29.XI 1870.

58 Архив Историјског института — Београд, Фонд: Јован Ристић, к. 35, инв. бр. 26/466, сиг. XXVI/7, Београд, 23.V 1873.

надворешната политика на Кнежевството Србија веќе преземала чекори за ширење на српската национална пропаганда на јужнословенската политичка сцена каде што живееле припадници на српскиот народ, а и во подрачјата каде што ги немало. Продирањето на српската национална пропаганда на подрачјата надвор од Србија се базирале главно на програмата на великосрпската државна политика која била дефинирана во познатото „Начартание“ на Илија Гарашанин. Територијата на Македонија била, исто така, опфатена со акцијата на српската пропаганда, со цел во неа да се зајакне српското влијание и да се создадат интересни сфери како база за идно полесно освојување на Македонија. Погледната од ова становиште, сосема е разбирлив интересот на Србија, а оттука и помошта што се давала на македонските црковно-училишни општини. Со испраќањето на парична помош и училишни и друг вид на книги и убечници, со стипендирањето на македонската училишна младина, прифаќањето на печалбарите и соработката со македонските трговци и друг вид на врски и соработка, српската национална пропаганда тогаш стекнувала симпатизери и спроводници на српската државна политика.

Aleksandar TRAYANOVSKI

**ATTEMPTS FOR INFILTRATION OF THE SERBIAN PROPAGANDA IN MACEDONIA IN THE MIDDLE OF THE XIX CENTURY THROUGH MATERIAL AID TO THE MACEDONIAN CHURCH-SCHOOL COMMUNITIES**

Summary

Based on very authentic source material, mainly from Serbian provenance, this article deals with the attempts for infiltration of Serbian influence and propaganda in Macedonia in the middle of the XIX century. Above all, it is about the numerous appeals for material aid for the Macedonian citizens, the inteligentsia and for the Macedonian church-school communities. The sending of material aid in the form of books and textbooks, the awarding of scholarships for the Macedonian school youth, were aimed at strenthening the Serbian influence on the south as a basis for easier future subduing of Macedonia. The penetration of the Serbian national propaganda in the regions out of Serbia was, certainly, based mainly on the programme of the Greater-Serbian state policy that was defined in the well-known »Načrtanie« by Iliya Garashanin.